ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 40 став 1 алинеја 9 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на 29.3.2024 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на друштво за ревизија на финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2024 година

### Член 1

За вршење ревизија на финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2024 година се избира Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Собрание на ТТК Банка АД Скопје**

**Претседавач**

______________________________

## О б р а з л о ж е н и е
## кон Предлог - одлуката за избор на друштво за ревизија на финансиските извештаи на ТТК Банка АД Скопје за 2024 година

Врз основа на член 53 став 3 точка 26 од Статутот на ТТК Банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката, на седницата одржана на 30.1.2024 година, го разгледа и го одобри Предлогот на Одборот за ревизија за назначување на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за вршење ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2024 година.

Предлогот на Одборот за ревизија се заснова на Понудата за вршење ревизија доставена од страна на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

Надзорниот одбор на Банката му предлага на Собранието на Банката да го избере Друштвото за ревизија „Грант Торнтон“ ДОО Скопје за вршење ревизија на финансиските извештаи на Банката за 2024 година.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**